МАРКО ЗВРЛЕВСКИ
ТОДОР ВИТЛАРОВ
ЈОВАН ИЛИЕВСКИ

# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА СПОГОДУВАЊЕТО ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО ПРВАТА ГОДИНА ОД ПРИМЕНАТА НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

## ПРАВНА АНАЛИЗА

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Марко Зврлевски
Тодор Витларов
Јован Илиевски

# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА СПОГОДУВАЊЕТО ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО ПРВАТА ГОДИНА ОД ПРИМЕНАТА НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

## ПРАВНА АНАЛИЗА

**Скопје, 2016**

Автори:

**Марко Зврлевски,** *Јавен обвинител на Република Македонија*

**д-р Тодор Витларов,** *Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип*

**д-р Јован Илиевски,** *Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција*

Уредник и соработник:

**Ана Новакова-Жикова,** *Национален офицер за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје*

Тираж: 1000 примероци

Печати: Полиестердеј, Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
343.1(497.7)(094.5)

ЗВРЛЕВСКИ, Марко
Практична примена на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција во првата година од примената на новиот закон за кривична постапка : правна анализа / Марко Зврлевски, Тодор Витларов,
Јован Илиевски. - Скопје : ОБСЕ, 2016. - 54 стр. : граф. прикази ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилог
ISBN 978-608-4788-05-8
1. Витларов, Тодор [автор] 2. Илиевски, Јован [автор]
а) Закон за кривицна постапка - Толкување - Македонија
COBISS.MK-ID 101330186

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на оваа публикација не мора да значи дека секогаш ги одразува погледите и ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ

# СОДРЖИНА


Наместо Вовед....................................................................4

Предмет и цел на Анализата...........................................................4

Методолошка рамка користена при изготвувањето на Анализата............................................................................5

**I. СПОГОДУВАЊЕ ЗА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО ДОМАШНИОТ КАЗНЕН СИСТЕМ**.............................................5

1. Зошто спогодување?.............................................................5
2. Спогодувањето - нов процесно-правен институт во домашниот кривично-правен систем.....................................7
   - 2.1. Подзаконски акти за примена на институтот спогодување.........................................................14
3. Спогодување за видот и висината на кривичната санкција низ бројки и факти..............................................21
   - 3.1. Склучени спогодби на подрачјата на вишите јавни обвинителства по структура на кривични дела..............23
   - 3.2. Вид и висина на кривичните санкции договорени при процесот на спогодување...........................................31
   - 3.3 Заклучни согледувања и препораки...............................39
4. Споредбени согледувања за примената на спогодувањето во други земји...........................................................40

## Наместо Вовед

Анализата за практичната примена на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција согласно Законот за кривичната постапка од 2010 година (ЗКП) претставува заеднички придонес на Здружението на јавните обвинители и Секторот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје кон процесот на воспоставување воедначена казнена политика и пракса во нашиот казнено-правен систем. Истата обработува податоци кои се однесуваат на остварените спогодби на четирите апелациони подрачја Битола, Гостивар, Скопје и Штип, во периодот од 1 декември 2013 година до 31 март 2015 година.

Традиционалното казнено-процесно право и судската практика својствени за европското тло, долги години се спротивставуваа на спогодбената односно консензуалната правда поаѓајќи од определбата дека казнената реакција е строго законски утврдена и не познава дијалог, компромис, ниту договор со оглед на фактот што главната цел е заштита на фундаменталните социјални вредности.[1]

Новите решенија предвидени во ЗКП со кои суштински се реформира процесното постапување, во основа, претставуваат англосаксонски институти кои имаат долгогодишна традиција во *common law* државите, се разбира, со нивно нужно прилагодување кон европската правосудна практика.

## Предмет и цел на Анализата

Предмет на Анализата претставува примената на институтот спогодување од аспект на практичното постапување на јавните обвинители. Интенцијата на авторите е преку статистички и аналитички приказ на обработените податоци да се овозможи првична слика за:

Практичната примена на спогодувањето за кривичната санкција;

Воедначеност во постапувањето со спогодбите на територијата на четирите Виши јавни обвинителства; и

Казнената политика во предмети кои се пресудени врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот.

[1] Francoise Tulkens, Negotiated Justice, Europian Criminal Procedures, (ed. Dalmans-Marty/ Spencer), Cambridge Univesity Press, 2002., стр.643

## Методолошка рамка користена при изготвувањето на Анализата

Имајќи в предвид дека Анализата е првенствено насочена кон практичното постапување од страна на јавните обвинители тимот автори кој работеше на ова истражување е од редот на обвинителите од сите инстанци на постапување. Во текот на истражувањето беа користени неколку методолошки пристапи во насока на обезбедување соодветни податоци за примената на овој нов кривично-правен институт:

Статистичка обработка и вкрстување на податоците за вкупниот број на пријавени лица во текот на 2013, 2014 и 2015 година со бројот на отфрлени кривични пријави и бројот на лицата за кои кривичната постапка продолжила и завршила со донесување на пресуда врз основа на предлог-спогодба;

Анализа на сите склучени спогодби помеѓу јавниот обвинител и осомничениот во периодот од 1 декември 2013 година до 31 март 2015 година на територијата на четирите виши јавни обвинителства;

Поединечна статистичка обработка на податоците за склучените спогодби во основните јавни обвинителства, како и збирен приказ на податоците на ниво на вишите јавни обвинителства;

Анализа и статистичка обработка на казнената политика и видот на кривичните дела за кои се склучени спогодби во периодот од 1 декември 2013 година до 31 март 2015 година;

Консултации и разговори со судии, адвокати и обвинители кои имале искуство со спогодување за кривичната санкција.

# I. СПОГОДУВАЊЕ ЗА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО ДОМАШНИОТ КАЗНЕН СИСТЕМ

### *1. Зошто спогодување?*

Современите аспекти на казнената правда се карактеризираат со динамичко развивање и реформирање во повеќе насоки со цел казнената правда да биде подеднакво достапна до сите граѓани, да биде остварена во најкраток можен рок. Ваквите настојувања доведуваат до константно барање различни решенија што ќе одат во насока на забрзување на казнената постапка. Поедноставеното постапување е предуслов за забрзување на казнената постапка. Компаративните искуства говорат дека повеќето држави, најчесто посегнуваат кон реципирање на веќе потврдени институти од страна на другите држави со што доаѓа до мешање на традиционалните институти од англосаксонската правна

традиција во правните системи со европската континентална традиција. Ваквиот тренд во современите тенденции на казнената правда, а со тоа и во казненото процесно право се резултат, пред сè, на долготрајноста на казнените постапки, нивната комплексност, како и зголемениот обем на предмети во работа на судовите.[2]

Во казнено-процесната литература веќе подолго време се среќаваат обвинувања дека мешовитата кривична постапка ја карактеризираат бавност, нагласен формализам, нефлексибилност и, како резултат на сето ова, неефикасност. Законот за кривичната постапка[3] (ЗКП) од 2010 година содржи одредби кои за првпат во нашето казнено-процесно законодавство ја регулираат можноста за спогодување на јавниот обвинител и осомничениот за видот и висината на кривичната санкција, предвидуваат поинаков статус на изјавата за признавање на вината во фазата на контрола на обвинението и на признанието дадено во текот на главната расправа во редовната постапка, како и во текот на расправата во скратената постапка за разлика од досегашната пракса со признанието што обвинетиот можеше да го даде пред судот.[4]

Како што е посочено во образложението на ЗКП, настојувањето казненото постапување да биде ефикасно и економично довело до низа проучувања и анализи на економската исплатливост и предностите што го карактеризираат спогодувањето кое се оценува како пазарен механизам за подобрување на квалитетот на кривичното гонење со кој се редуцираат трошоците во кривичната постапка. Облиците на можното спогодување (или договарање) на јавниот обвинител и обвинетиот или т.н. договорна правда, проширување на рамките на опортунитетот што во постапувањето го ужива јавниот обвинител за полесните кривични дела, почитување на положбата на оштетениот, неговото мислење и согласност за отстапување од редовниот тек на кривичната постапка, оствареното обесштетување како можност да не се поведе кривична постапка односно медијациско разрешување на споровите, внесување кратки и ефикасни рокови за преземање конкретни процесни дејствија како и прифаќање посебни облици на забрзани постапки, значително треба да придонесат во надминување на клучните проблеми со долготрајноста и комплексноста на кривичната постапка, како и да ја зголемат ефикасноста на судовите со брзо решавање на сè поголемиот прилив на кривични предмети.

[2] Компаративно истражување на решенијата за забрзување и поедноставување на казнената постапка", Нанев/Мисоски/Бужаровска, Македонска ревија за казнено право и криминологија бр. 1/2008

[3] Службен весник, бр.150/2010 и 100/2012

[4] Бужаровска, Г., Спогодување за вина: Прирачник за практичари (Гордана Бужаровска, Мајкал Г. Карнавас, Дејвид Ре), Скопје, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2010

Воведувањето на спогодувањето како нов кривично-правен институт во домашната кривична постапка, своја основа наоѓа и во препораките на ЕУ и Советот на Европа кои се однесуваат на забрзување на кривичната постапка и поедноставување на казнената правда, како и изнаоѓање други облици за решавање на кривичните предмети.[5]

## *2. Спогодувањето - нов процесно-правен институт во домашниот кривично-правен систем*

Прифаќајќи го тврдењето дека ефикасна казнена правда може, во дел, да се обезбеди и преку постапки кои овозможуваат декриминализација, депенализација, алтернативни облици на кривичното гонење и поедноставување на кривичната постапка, потребно е да се прави разлика помеѓу спогодувањето како однос помеѓу сторител на дело (во својство на осомничен или обвинет и задолжително неговиот бранител) и јавниот обвинител, како овластен тужител, како алтернатива на судската постапка, од преговарањето заради обештетување кое може да се одвива помеѓу сторителот и оштетениот, а кое го раководи трето незасегнато лице (медијатор) и има карактер на алтернатива за гонењето.

Спогодувањето во нашата кривична постапка согласно ЗКП од 2010 година, претставува целосно нов институт во постапката, кој наликува на спогодувањето кое се применува во други држави, но не е целосно ист. Со овој институт странките - јавниот обвинител и осомничениот односно обвинетиот и неговиот бранител, се договараат за видот и висината на кривичната санкција за разлика од други системи каде може да се спогодува и за правната квалификација на битието од преземените казниви дејствија и за видот и висината кривичната санкција.

Иако договарањето – спогодбата во нашиот казнен систем се однесува на видот и висината на кривичната санкција, сепак од повеќето одредби од ЗКП и КЗ може да се заклучи дека во основа предуслов за спогодувањето е и осомничениот да ја признае вината.

Постојат разлики во можностите за давање изјава за признавање вина односно за давање признание во различни стадиуми од постапувањето по завршување на истражната постапка. Изјавата за признавање вина претставува предуслов за спогодување на странките во фазата на контрола на обвинението, но не и во

[5] Препорака бр.Р(87)18 на Комитетот на министри на Советот на Европа од 1987год. за поедноставување на казнената правда, која содржи конкретни предлози за облиците на забрзани и поедноставени постапки, Препорака бр.Р(95)12 на Комитетот на министри на Советот на Европа од 1995 год. за управување со казненото правосудство.

истражната постапка.[6] Во истражната постапка непосредно се применуваат одредбите од членовите 483 – 490 од ЗКП кои не бараат задолжително претходно признание на вината од страна на осомничениот. Сепак, и покрај фактот што изречно не се дава признание за вината во фазата на истражната постапка, самото отпочнување на постапката за спогодување за видот и висината на кривичната санкција на некој начин тоа го претпоставува.

Дополнителна „недоследност" во однос на признавањето за вина претставува и одредбата од став 1, точка 1 од членот 40 од Кривичниот законик за ублажувањето на казната, која предвидува дека судот може да ја ублажи казната *„кога изрекува казна по поднесен предлог на спогодба за признавање на вина склучена меѓу јавниот обвинител и обвинетиот".*

Од одредбите на ЗКП недвосмислено произлегува дека субјектите на преговарањето за видот и висината на кривичната санкција се јавниот обвинител од една страна и осомничениот и неговиот бранител од друга страна. Во секој случај субјектите на преговарањето се странки, а ако осомничениот, односно обвинетиот има бранител (избран или поставен) во преговорите за видот и висината на кривичната санкција учествува и бранителот на осомничениот. Во случај кога осомничениот, односно обвинетиот има бранител, самото преговарање за видот и висината на кривичната санкција по правило ќе се одвива помеѓу бранителот и обвинителот, но бранителот за текот и содржината на преговарањето е должен да го извести осомничениот. Во самата постапка за преговарање за видот и висината на кривичната санкција , кое се одвива помеѓу странките, во оваа фаза судот не учествува.

Осомничениот, пред започнувањето на првото испитување, ќе се информира и за правото на спогодување за видот и висината на кривичната санкција со јавниот обвинител согласно членовите 489 до 496 од Законот за кривичната постапка.[7]

Преговарање за видот и висината на кривичната санкција може да биде иницирано од било која страна.

Еден од условите за прифаќање на спогодба за видот и висината на кривичната санкција е постоење доволно докази за вина на обвинетиот, па при започнувањето на преговорите се претпоставува убедувањето на јавниот обвинител дека располага со доволно докази за вина на осомничениот. Преговарањето се однесува на видот и висината на кривичноправните санкции, односно санкциите кои би му се изрекле на осомничениот за делото за кое тој се терети.

[6] Бужаровска, Г., Спогодување за вина: Прирачник за практичари (Гордана Бужаровска, Мајкал Г. Карнавас, Дејвид Ре), Скопје, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2010

[7] член 206 став 6 од Законот за кривичната постапка, Службен весник бр.150/2010 и 100/2012

Она што јавниот обвинител може да му понуди на осомничениот за неговото признание на вината за делото за кое се терети е изрекување поблага санкција, која не ја исклучува можноста за изрекување на казна под законски предвидениот минимум. При процесот на спогодување обвинителот мора да се движи во рамките на задолжителните прописи од Кривичниот законик за видот[8] и целта[9] на кривичната санкција, условите за нивното изрекување, казните кои можат да се изречат за одделни кривични дела и за границите на ублажувањето на законски пропишаните казни[10]. Во текот на преговарањето обвинителот не може да понуди изрекување казна на осомничениот која би била под најмалата казна која за одредено казнено дело може да се изрече согласно одредбите за поблаги казни од Кривичниот законик, ниту пак би можел да предложи изрекување на условна осуда за дело за кое оваа мерка по Кривичниот закон не може да се изрече. Ова се рамките кои треба да ги почитува и бранителот односно осомничениот во процесот на спогодување за видот и висината на кривичната санкција.

Крајна цел на преговарањето е склучување на спогодба, договор во писмена форма кој го составуваат обвинителот, осомничениот и неговиот бранител. Присуството на бранителот при преземање на процесни дејствија поврзани со овој процесен институт е облигаторно, односно осомничениот мора да има бранител. Учеството на судот во фазата на преговарање потполно е исклучено. Процесните активности на судот почнуваат откако предлог - спогодбата ќе биде склучена во законска форма и доставена на разгледување.

Предмет на спогодбата претставува видот и висина на кривично-правната санкција, а доколку има согласност од осомничениот предмет на спогодувањето може да биде и имотноправното побарување од оштетениот. Во текот на спогодувањето може да се договори и изрекување казна под законскиот минимум со примена на одредбата за ублажување на казната, на пример, изрекување на парична казна наместо казна затвор или пак поблаг вид на кривично-правна санкција, на пример, условна осуда наместо казна затвор или парична казна. Кривично-правните санкции странките треба прецизно да ги одредат, на пример, шест месеци затвор или парична казна во точно утврден износ во денари. Ако при преговарањето се земат предвид казнените рамки на востановената судска пракса тогаш се намалува ризикот за неприфаќање на спогодбата од страна на судот. Обвинителот може да понуди казна под законскиот минимум со примена на одредбите од Законот за одредување на видот и одмерување на

[8] член 33 од Кривичниот законик

[9] член 32 од Кривичниот законик

[10] член 41 од Кривичниот законик

висината на казната[11] за ублажување на казната или поволната варијанта, изрекување на поблаг вид кривично-правни санкции.

Во четвртата глава од овој Закон се дадени двата случаи на утврдувањето на санкцијата во постапката на договарање за видот и висината на казната меѓу јавниот обвинител и обвинетиот во рамките на спогодувањето.[12] При договарањето на јавниот обвинител и обвинетиот во текот на истражната постапка и во скратената постапка до поднесување на обвинителниот предлог, не може да биде договорена казна помала од 50% од казната што би била изречена со примена на одредбите на овој Закон во редовна судска постапка. При договарањето на јавниот обвинител и обвинетиот во фазата на оцена на обвинителниот акт, не може да биде договорена казна помала од 60% од казната што би била изречена со примена на одредбите на овој Закон во редовна судска постапка. Оттука, при ваквото постапување јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител би морале да го поминат процесот на утврдувањето на казната што би го направил судот во текот на главната расправа, што подразбира и пополнување на работните листови, кои се составен дел од Законот, за да можат со што поголема веројатност да ја предвидат санкцијата што на обвинетиот би му била изречена на главната расправа и соодветно да ја искористат можноста што им ја дава Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната за намалување на казната при договарањето.

Предмет на спогодбата може да бидат и мерки на безбедност и претставуваат една од кривично-правните санкции пропишани со казнениот материјален закон. Секако, странките и бранителот при составувањето на спогодбата мораат да ги почитуваат материјално-правните одредби, односно да се движат во рамките Кривичниот законик и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Како што кажавме претходно, не може да се договори казна или друга кривично-правна санкција која не е предвидена во Кривичниот законик или која не може да се изрече со примена на законските одредби за ублажување на казна. Таквата предлог-спогодба би требало да биде огласена како незаконита, спротивна на принципите на законитоста и спротивна на јавниот интерес. Ако предметот на спогодбата е целото обвинение, само тогаш се одбегнува редовна кривична постапка која поминува низ сите фази на кривичната постапка.

Предлог-спогодбата мора да ги содржи следните елементи:

1. податоци за учесниците во постапката: јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител;

[11] Службен весник, бр.199/2014

[12] член 20 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, Службен весник, бр.199/2014

2. опис и правна квалификација на кривичните дела. Доколку постапката се води за повеќе кривични дела спогодбата не мора да се однесува на сите, туку може да се склучи и за дел од кривичните дела;
3. предложената кривична санкција според видот и висината. Тука спаѓаат главната казна, споредната казна, мерките на безбедност, алтернативните мерки или други мерки предвидени во Кривичниот законик;
4. видот и висината на имотноправното побарување и начинот на негово остварување. Ова само доколку осомничениот е согласен истото да биде предмет на спогодувањето;
5. изјава на осомничениот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог-спогодбата и последиците што произлегуваат од неа;
6. изјава од јавниот обвинител и осомничениот дека се откажуваат од правото на жалба доколку се донесе пресуда со која се прифаќа предлог-спогодбата;
7. трошоците на постапката;
8. потпис на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител и
9. датум и место на склучувањето на предлог-спогодбата.

Анализирајќи ги податоците и актите со кои јавниот обвинител, согласно членот 483 од ЗКП, ја поднесува предлог-спогодбата до судијата за претходна постапка, постои различна практика. Имено, дел од обвинителства ја доставуваат само предлог-спогодбата (со потребните елементи предвидени во член 485 од ЗКП) потпишана од јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител. Други јавни обвинителства доставуваат податоци со кои е заклучена предлог-спогодбата, опис на противправните дејствија, правната квалификација и во продолжение даваат образложение без притоа да приложат листа на докази. Трети јавни обвинителства, даваат податоци со кого е склучена предлог-спогодбата, опис на противправните дејствија, правна квалификација и образложение, а во прилог наведуваат и листа на докази.

Заради воедначување на практиката значајно е да се посочи следново:

- Јавниот обвинител ја доставува предлог-спогодбата (изготвена со содржина предвидена во членот 485 од ЗКП) потпишана од него, осомничениот и неговиот бранител. Од ова законска одредба не произлегува обврска за доставување на образложение.
- Кон предлог-спогодбата јавниот обвинител е должен (член 483 став 2 од ЗКП), заедно со сите докази (значи има обврска

за доставување на листата на докази, заедно со доказите) да приложи и писмена изјава потпишана од оштетениот во однос на видот и висината на имотно-правното побарување само ако истото било предмет на спогодување согласно членот 484 од ЗКП. Во спротивно ваква изјава од оштетениот не е потребно да се доставува.

Откако ќе ја прими предлог - спогодбата, судијата на претходната постапка во рок од три дена закажува рочиште за оцена на предлог-спогодбата на кое ги повикува странките и должен е да испита дали таа доброволно е поднесена, дали осомничениот е свесен за правните последици од нејзиното прифаќање, за последиците сврзани за имотно - правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

Јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител во текот на рочиштето не смеат да поднесат барање за утврдување кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог-спогодбата. Доколку поднесат такво барање се смета дека се откажале од предлог-спогодбата и судијата на претходната постапка ќе донесе решение со кое ќе ја одбие истата. Странките имаат право до донесување на одлуката да се откажат од предлог-спогодбата, а пак прифаќањето на предлог-спогодбата се смета за откажување од правото на жалба на донесената пресуда врз основа на предлог - спогодбата.

Ако судијата на претходната постапка утврди дека прибавените докази за фактите важни за избор и одмерување на кривичната санкција не го оправдуваат изрекувањето на предложената кривична санкција, односно дека јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител во текот на рочиштето поднеле барање за утврдување кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог-спогодбата, донесува решение со кое ја одбива предлог-спогодбата и списите ги доставува до јавниот обвинител.

Ако судијата на претходната постапка ја прифати предлог-спогодбата изрекува пресуда со која не смее да изрече кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог-спогодбата. Пресудата ги содржи елементите на осудителна пресуда, и тоа:

за кое кривично дело обвинетиот се огласува за виновен, со назначување на фактите и околностите што претставуваат обележје на кривичното дело, како и на оние од кои зависи примената на определена одредба од Кривичниот законик;

- законски назив на кривичното дело и кои одредби од Кривичниот законик се применети;
- на каква казна се осудува обвинетиот;

- одлука за мерките на безбедност, конфискацијата на имот и имотната корист и одземање предмети;
- одлука за засметување на лишување од слобода, на притвор или на веќе издржаната казна и
- одлука за трошоците на кривичната постапка.

Ако обвинетиот е осуден на парична казна, во пресудата ќе се назначи рокот во кој треба да се плати паричната казна и начинот на кој да се изврши замена на паричната казна во случај паричната казна да не може да се наплати ни по присилен пат.

Пресудата се објавува веднаш, а се изготвува во писмена форма во рок од три дена од објавувањето и без одлагање им се доставува на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител, како и на оштетениот кој своето имотно - правно побарување може да го остварува во парнична постапка.

Во овој дел значајно е да се укаже на некои прашања кои се поставуваат во врска со спогодувањето:

» *Како би се постапувало доколку постојат повеќе обвинети, а не се спогодат сите?*

Може да се каже дека при спогодувањето, доколку се повеќе соизвршители, а со јавниот обвинител се спогодува само еден или дел од нив, во текот на постапката која продолжила за другите соизвршители, осомничениот кој се спогодил може да се јави во својство на сведок, а пресудата која е донесена врз основа на спогодувањето не се изведува како доказ. Ваквата ситуација е мошне слична со ситуациите кои се појавуваа во времето на примената на претходниот Закон за кривичната постапка, кога пресудата станала правосилна во делот за еден обвинет, а е укината за другите соизвршители, па во тој случај на повтореното судење соизвршителот за кого пресудата е правосилна може да биде испитан како сведок.

» *Како би се постапувало доколку има повеќе обвинети кои сакаат да се спогодат?*

Во ваков случај предлог-спогодбата се склучува со секој обвинет поединечно.

» *Дали на почетокот на главна расправа пред започнување на доказната постапка обвинетиот може да признае вина и да се спогоди за кривичната санкција за одреден став од кривичното дело за кое е обвинет или мора да признае вина за сите ставови кумулативно за кои е обвинет од истото кривично дело?*

Во оваа фаза нема законска можност обвинетиот да се спогодува за кривичната санкција. До завршување на фазата на

потврдување на обвинението обвинетиот може да се спогодува за видот и висината на кривичната санкција. По потврдување на обвинението, обвинетиот може само да ја признае вината. Од процесен аспект ова значи дека судот ќе ја прескокне доказната постапка и ќе пристапи кон одмерување на казната. Судот може да му одмери на обвинетиот поблага санкција.

Обвинетиот во суштина треба да го признае описот на кривичното дело објаснето како во обвинението, а не точната правна квалификација на делото. Доколку се случи обвинетиот да бара да признае само дел од елементите на кривичното дело без разлика дали е тоа основниот или квалификаторниот елемент, таквиот пристап не се смета за признание за вината и судот треба да го продолжи текот на кривичната постапка.

## 2.1 Подзаконски акти за примена на институтот спогодување

Со донесувањето на ЗКП и востановувањето на институтот спогодување односно договарање за видот и висината на кривична санкција во истиот не е внесена задолжителна законска обврска за донесување на подзаконски акти кои би ја олесниле примената на овој институт. Меѓутоа, со стапувањето на сила и со започнувањето на примената на ЗКП се јавува потреба за доуредување, односно воедначување на начинот на постапувањето на јавните обвинители и тоа како во смисла на примената на одредбите од законот, така и за постапката во јавното обвинителство која не е целосно нормативно уредена.

Членот 6 од Законот за јавното обвинителство[13] кој упатува на основниот принцип на хиерархија и субординација според кој е организирано јавното обвинителство, членот 25 од истиот Закон кој во ставот 1 предвидува дека Јавниот обвинител на државата *"[...]има право да дава задолжителни општи писмени упатства на вишиот јавен обвинител, на основниот јавен обвинител за организиран криминал и корупција и на основниот јавен обвинител[...]"*, како и ставот 3 од истиот член кој упатува дека упатствата се однесуваат на преземање на одредени мерки и активности меѓу другото и заради поефикасно откривање и гонење на кривични дела и нивните сторители и примена на законите, претставуваат законската основа за донесување на задолжително Упатство со кое се уредува и воедначува постапувањето на јавните обвинители во врска со институтот донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот.

Упатството како подзаконски акт е донесено на 8 ноември 2013 година и ги упатува јавните обвинители, по сопствена иницијатива или кога постои предлог од обвинетиот или неговиот бранител, да учествуваат во постапката за преговарање и спогодување во

[13] Службен весник бр. 150/2007 и 111/2008

сите случаи во кои ќе оценат дека со предлог-спогодбата побрзо и поефикасно ќе се оствари целта на водењето на кривичната постапка, а особено кога ќе биде исполнет еден или повеќе од следните услови:

- обвинетиот ќе даде изјава за признавање на вина за сите или поодделни кривични дела од обвинението;
- со признавање на вина ќе се овозможи откривање на други кривични дела или сторители на кривични дела, кои се предмет на спогодувањето, односно полесно ќе се докажуваат другите кривични дела и вината на другите сторители;
- оштетените и жртвите ќе бидат поштедени односно заштитени од негативните импликации при јавно изнесување на нивните искази на расправата;
- во случаи кога постои согласност на обвинетиот за признавање на имотно правното побарување;
- ќе се намалат трошоците на кривичната постапка и обвинетиот прифаќа направените трошоци да ги надомести.

Во ЗКП не се предвидени ограничувања по однос на тоа за кое кривично дело може да се отпочне спогодување. По правило спогодувањето е можно за секое кривично дело. Но, со оглед дека се работи за почеток на применување на сосема нов процесно-правен институт, се ценеше дека во прво време е потребно повнимателно да се пристапи кон спогодувањето кога се работи за одреден вид на кривични дела. Поради тие причини со Упатството се препорачува јавните обвинители во принцип да не прифаќаат постапки за преговарање и спогодување во случаи кога се работи:

- за особено тешки злочини во кои жртвите се тешко трауматизирани, односно лишени од живот, а кривично правниот настан предизвикал вознемиреност и згрозеност во јавноста;
- за тежок облик на сторен финансиски криминал – кривични дела на злоупотреба, корупција и други слични на нив дела, особено сторени од службени лица на раководни функции со кои е прибавена значителна имотна корист, односно значително е оштетена општествената заедница;
- случаи во кои јавниот обвинител располага со докази со кои докажувањето е крајно едноставно и се очекува главната расправа брзо да заврши, а обвинетиот во преговорите бара значително смалување на пропишаната кривична санкција;
- кривичните дела се сторени спрема деца, односно малолетници.

Со Упатството се наложува на јавните обвинители, постапката за преговарање и спогодување да се спроведува во службените простории на јавното обвинителство, а во исклучителни ситуации и во истражниот затвор и слично. Пред да отпочне постапката за преговарање и спогодување, јавниот обвинител кој постапува по конкретниот кривичен предмет е должен да го извести јавниот обвинител на основното јавно обвинителство за отпочнување на постапката за преговарање и спогодување, односно за дадениот предлог од обвинетиот или неговиот бранител.

За почетокот и текот на преговорите јавниот обвинител сочинува службена белешка во која се образложуваат причините за преговарање и точките за кои се преговарало (особено треба да се наведе понудата од јавниот обвинител и понудата од обвинетиот и неговиот бранител).

За кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до 3 години, јавниот обвинител во основното јавно обвинителство самостојно ги води преговорите и ја потпишува предлог-спогодбата склучена со обвинетиот.

За кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години, преговорите ги води јавниот обвинител во основното јавно обвинителство, а спогодбата ја потпишува јавниот обвинител на основното јавно обвинителство.

За кривични дела со пропишана казна затвор до 10 години, спогодбата ја потпишува јавниот обвинител на основното јавно обвинителство по претходно прибавена согласност од вишиот јавен обвинител.

За кривичните дела од надлежност на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, односно најмалку 8 години затвор или може да се изрече казна доживотен затвор, спогодбата ја потпишува јавниот обвинител на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, односно на основното јавно обвинителство по претходно прибавена согласност од Јавниот обвинител.

Доколку постапката за преговарање не успее, без разлика на причините, (неприфаќање на условите понудени во постапката за преговарање од страна на јавниот обвинител, односно од обвинетиот и неговиот бранител и слично) јавниот обвинител кој учествувал во постапката за преговарање ќе сочини службена белешка за тоа и ќе го извести јавниот обвинител на основното јавно обвинителство, јавниот обвинител на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и останатите хиерархиски

поставени обвинители во случаите од точка 7[14] и точка 8[15] од ова Упатство.

Задолжителното Упатство беше во примена од 1 декември 2013 година, односно со денот на отпочнување на примената на ЗКП.

Со зголемениот број постапки за спогодување, како и со оглед на веќе воспоставената пракса на 25 ноември 2015 година Јавниот обвинител донесе ново задолжително Упатство. Највидливо унапредување со новото задолжително Упатство е можноста јавните обвинители да можат да склучуваат предлог спогодби за сите кривични дела, вклучувајќи ги и кривичните дела за кои со првото задолжително Упатство постоеше лимитирање. Процесот на преговарање и спогодување на јавниот обвинител со осомничените(обвинетите) со новото задолжително Упатство се уреди на следниов начин:

- за кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до 5 години, јавниот обвинител во основното јавно обвинителство самостојно ги води преговорите и ја потпишува предлог-спогодбата склучена со обвинетиот.
- за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 10 години, преговорите ги води јавниот обвинител во основното јавно обвинителство и ја потпишува спогодбата по претходно прибавена писмена согласност од јавниот обвинител на основното јавно обвинителство.
- за кривични дела со пропишана казна затвор над 10 години со исклучок на кривичните дела од точка 8[16] на ова Упатство, спогодбата ја потпишува јавниот обвинител во основното јавно обвинителство по претходно прибавена писмена согласност од јавниот обвинител на вишото јавно обвинителство.

[14] Точка 7 од задолжителното Упатството вели: "*За кривични дела со пропишана казна затвор до 10 години, спогодбата ја потпишува јавниот обвинител на основното јавно обвинителство по претходно прибавена согласност од вишиот јавен обвинител.*"

[15] Точка 8 од задолжителното Упатството вели: "*За кривичните дела од надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, односно најмалку 8 години затвор или може да се изрече казна доживотен затвор, спогодбата ја потпишува Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, односно на Основното јавно обвинителство по претходно прибавена согласност од Јавниот обвинител на Република Македонија.*"

[16] Точка 8 од новото задолжително Упатство од 25.11.2015 вели: "*За кривичните дела од надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за кои е пропишана казна затвор над 10 година;*
*- за кривични дела на сторен финансиски криминал (кривични дела на злоупотреба, корупција) извршени од избрани или именувани службени лица (службени лица на раководни функции) и за кривични дела за кои постои посебен јавен интерес, а се во надлежноста на основно јавно обвинителство или на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и*
*- за кривични дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор*
*спогодбата ја потпишува јавниот обвинител во основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, односно во основното јавно обвинителство по претходно прибавена писмена согласност од Јавниот обвинител на Република Македонија.*"

- за кривичните дела од надлежност на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција за кои е пропишана казна затвор над 10 години; за кривични дела на сторен финансиски криминал (кривични дела на злоупотреба, корупција) извршени од избрани или именувани службени лица (службени лица на раководни функции) и за кривични дела за кои постои посебен јавен интерес, а се во надлежноста на основно јавно обвинителство или на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и за кривични дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор, спогодбата ја потпишува јавниот обвинител во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, односно во основното јавно обвинителство по претходно прибавена писмена согласност од Јавниот обвинител на државата.

Иако овие задолжителни упатства ја постигнаа својата цел во насока на воедначување на постапувањето на јавните обвинители во врска со институтот донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот, донесување на дополнителни општи упатства за прецизирање на целокупниот процес за отпочнување и водење на постапката која би резултирала со склучување на предлог спогодба помеѓу јавниот обвинител и осомничениот би било од значајна корист за јавните обвинители. Овие општи упатства би содржеле дополнителни насоки во смисла на следново:

- пред да ја донесе одлуката за започнување со преговорите, јавниот обвинител ќе ги прегледа доказите, сите околности и последици од спогодувањето; особено ќе внимава дали во конкретниот случај спогодувањето за кривичната санкција е во согласност со законот, односно дали се исполнети условите од задолжителното Упатство за преговарање и спогодување со обвинетиот;

- доколку предлогот за постапката за преговарање и спогодување е од обвинетиот, односно неговиот бранител, а јавниот обвинител оцени дека нема место за спогодување во конкретниот случај, со оглед на сите околности под кои е сторено кривичното дело или во случај кога не добил согласност од претпоставените обвинители, кога таква согласност е потребна, по писмен пат ќе го извести обвинетиот и неговиот бранител;

- доколку јавниот обвинител оцени дека може да ја отпочне постапката за преговарање за спогодување, без оглед дали иницијативата е од него или од обвинетиот или неговиот бранител, ќе сочини службена белешка во која ќе ги образложи причините за преговарање и видот и висината на кривичната санкција предложена од обвинетиот, односно неговиот бранител, односно кривичната санкција која јавниот

обвинител цени да биде изречена односно за која ќе потпише предлог-спогодба;

- јавниот обвинител службената белешка ќе ја достави до претпоставените обвинители за добивање согласност согласно задолжителното Упатство;
- во кривичните предмети во кои е определена мерка притвор и во други итни случаи, согласноста може да се побара и со известување преку телефон од јавниот обвинител на основното јавно обвинителство, за што ќе се напише службена белешка која ќе биде составен дел на барањето согласност;
- кога јавниот обвинител ќе ја добие потребната согласност писмено или по телефон, ќе го извести обвинетиот, односно неговиот бранител дека е согласен да отпочне постапка за преговарање и спогодување;
- за текот на постапката за спогодување и за предлозите дадени од обвинетиот, односно неговиот бранител ќе се сочини кратка службена белешка или записник кој треба да го потпишат јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител;
- ако обвинетиот нема бранител, а не е во финансиска можност таков да обезбеди, јавниот обвинител ќе побара од судијата на претходна постапка да определи бранител по службена должност на обвинетиот кој ќе ги застапува неговите интереси во оваа постапка;
- договорената кривична санкција помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот не би требало да биде под законски определените рамки за конкретно кривично дело, но не и под границите на ублажување на казната[17];
- согласно членот 53 од ЗКП, јавниот обвинител треба да ја извести и жртвата за намерата за отпочнување на преговорите за да се избегнат евентуални нејзини негативни реакции во однос на потпишување на предлог-спогодбата. Ако жртвата како оштетена, односно оштетениот, не истакнат имотно правно барање нивните потпишани изјави јавниот обвинител треба да ги достави до судот заедно со предлог-спогодбата;
- доколку жртвата како оштетена или оштетениот истакнат имотно-правно барање, истото може да биде предмет на спогодување во висина која ја истакнале доколку обвинетиот изјавил согласност за надоместување на имотно-правното барање делумно или во целост;
- противењето на жртвата или оштетениот не го спречува јавниот обвинител да потпише предлог-спогодба со обвинетиот;

[17] Види член 2 од Законот за измени и дополнување на КЗ, Службен весник бр.28/2014.

- со предлог-спогодбата не можат да се менуваат последиците од законските одредби за одземање на стекната имотна корист со стореното кривично дело и одземањето предмети. Оттука во предлог-спогодбата секогаш мора да биде содржано одземањето на имотната корист, односно одземањето на предмети;
- за целиот тек на преговарањето и спогодувањето јавниот обвинител не треба да го менува својот став, треба да се придржува кон договореното, да воспостави меѓусебна доверба со обвинетиот и неговиот бранител и не смее да ја злоупотребува довербата ако другата страна се придржува кон договореното.

Ваквите дополнителни насоки би обезбедиле дополнителна заштита на сите инволвирани странки во процесот на спогодувањето.

Одмерувањето на видот и висината на кривичната санкција, односно давање предлог и прифаќање на предлог од обвинетиот, односно бранителот, се остварува по релативно слободна оценка на секој јавен обвинител кој постапува по конкретен кривичен предмет. Зошто релативно слободна оценка? Бидејќи КЗ, потоа Правилникот за начинот на одмерувањето на казните и на крајот Законот за одредување на видот и одмерувањето на висината на казната ги поставуваат основните граници во кои може да се движат санкциите односно казните.

### » *Наместо заклучок:*

Можеби со задолжително упатство би требало да се уреди и начинот на постапувањето на јавниот обвинител кога спогодувањето нема да успее, а судот по одржана расправа ќе донесе одлука за казна со која тој не е задоволен, односно треба да се даде упатство за постапување во жалбената постапка во насока на тоа кое отстапување од предложеното би било задоволително за јавниот обвинител.

Задолжителните упатства и насоки се средства што му стојат на располагање на Јавниот обвинител за унифицирање и доуредување на одредени постапувања. Во овој момент, повеќе или помалку тоа е постигнато во секојдневното постапување на јавните обвинители.

Во секој случај, потребно е да помине извесно време од практичната примена на спогодувањето и на регулативата која се однесува на прашања поврзани со казнувањето, за да може да се размислува за понатамошно доуредување на одредени евентуални недостатоци.

## *3. Спогодување за видот и висината на кривичната санкција низ бројки и факти*

Во интерес на добивање на целосна слика за примената на спогодувањето во практиката, неопходно е да се земат предвид:

- Просечен број на отфрлени кривични пријави за тековната година, и
- Вкупниот број на пријавени (физички и правни) лица како сторители на кривични дела во сите основни обвинителства на годишно ниво.

Имено, постапувајќи по кривичните пријави, јавниот обвинител има законска надлежност при постоење на некои од законските основи[18] да ја отфрли кривичната пријава. Така бројот на лицата против кои кривичната постапка продолжила (односно за кои не е не е донесено решение за отфрлање на кривичната пријава) е различен во однос на бројот на пријавени лица.

Разбирливо, оваа анализа се однесува на предметите во кои кривичната пријава не била отфрлена, кривичната постапката продолжила и завршила со донесување на пресуда врз основа на предлог-спогодба од страна на надлежниот основен суд. Табелата 1 подолу дава општ приказ на статистичките податоци за бројот на склучените спогодби и отфрлените кривични пријави во првите 16 месеци од имплементацијата на новиот ЗКП.

| | Вишо ЈО Битола | Вишо ЈО Гостивар | Вишо ЈО Скопје | Вишо ЈО Штип | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на пријавени лица** | 8.480 | 5.218 | 14.855 | 8.271 | 36.824 |
| **Лица против кои продолжила кривичната постапка** | 3.816 | 2.188 | 11.885 | 5.717 | 23.606 |
| **Склучени спогодби (по лица)** | 62 | 3 | 199 | 81 | 345 |
| **Просечен % на отфрлени пријави** | 45% | 42% | 20% | 32% | 34.75% |

Табела 1

Анализирајќи ги податоците за склучените спогодби на подрачјето на четирите виши јавни обвинителства, во погоре споменатиот период против вкупно 23.606 лица продолжила кривичната постапка (во фаза на истражна постапка или поднесено обвинение). Од нив подрачните основни обвинители склучиле предлог-спогодби со вкупно 345 лица или 1.46% од лицата против кои се водела

[18] Види член 288, став 1 од ЗКП, Службен весник, бр.150/2010 и 100/2012

кривична постапка. Сите предлог-спогодби се прифатени од страна на надлежните судови и се донесени пресуди согласно членот 483 од ЗКП.

Јавните обвинителства на подрачјето на ВЈО Скопје имаат најголем број на склучени спогодби – со 199 лица, додека обвинителствата на подрачјето на ВЈО Гостивар имаат најмал број на склучени спогодби со само 3 лица. Вишите јавни обвинителства во Битола и Штип имаат релативно близок сооднос со 62 односно 81 лице со кои склучиле спогодба.

Податоците за бројот на отфрлените кривични пријави се преземени од Годишните извештаи за работа на вишите јавни обвинителства за декември 2013 и 2014 година. За 2015 година, кога оваа Анализа е работена, како ориентационен податок е земен просекот за отфрлени кривични пријави од претходниот период.

Бројот на лица за кои кривичните пријави се отфрлени варира во зависност од подрачјето на вишите јавни обвинителства. Така во 2014[19] година основните јавни обвинителства од подрачјата на Вишите јавни обвинителства во Битола и Гостивар имале 56,20%, односно 56,72%. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип овој процент изнесува 37,42 од вкупно пријавените лица, а во обвинителствата на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје бројот на отфрлени кривични пријави во текот на 2014 год. е најмал и изнесува 19,54%.

Ориентациониот податок за бројот на лица за кои кривичните пријави се отфрлени во текот на 2015 година, исто така е различен за основните обвинителства на подрачјето на секое вишо јавно обвинителство. Најголем процент на овие лица просечно има во основите обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола со околу 42-45%, следно е подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар со околу 40-42%, понатаму подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип со околу 30-32% од пријавените лица и, на крајот, подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со најмал број на пријавени лица против кои биле отфрлени кривичните со околу 19-20% од вкупниот број пријавени лица. Слика 1 го прикажува процентот на склучени спогодби на подрачјето на четирите виши јавни обвинителства.

[19] Високиот број на отфрлени кривични пријави во овој период се должи на големиот број на поднесени пријави од страна на Фондот за здравствено осигурување за кривичното дело Употреба на исправи со невистинита содржина од чл. 380 од КЗ. Во меѓувреме со Законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување Службен весник бр.98/15, е даедена амнестија на сторителите на ова кривично дело.




Слика 1

## 3.1 Склучени спогодби на подрачјата на вишите јавни обвинителства по структура на кривични дела

### » Вишо јавно обвинителство Битола

На подрачјето на ВЈО Битола, како што е претставено погоре, во периодот од 1 декември 2013 до 31 март 2015 година подрачните основни јавни обвинителства, склучиле спогодби со вкупно 62 лица. Основното јавно обвинителство Прилеп има најмногу склучени спогодби односно со 25 лица, додека обвинителството во Ресен во овој период нема склучено ниту една спогодба.

Слика 2 подолу ја прикажува состојбата по подрачните обвинителства согласно бројот на лица со кои е склучена спогодба.




Слика 2

Во табелата 2 подолу, прикажани се кривичните дела по членови од КЗ за кои основните јавни обвинителства на подрачјето на ВЈО Битола склучиле спогодби со осомничените (обвинетите) лица.

| Кривични дела по членови од КЗ | ОЈО Битола | ОЈО Прилеп | ОЈО Охрид | ОЈО Струга | ОЈО Ресен | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Член 131 | | 1 | | | | 1 |
| Член 157-а | | | 2 | | | 2 |
| Член 215 | 3 | 3 | | | | 6 |
| Член 235 | | 4 | | | | 4 |
| Член 236 | | 9 | | | | 9 |
| Член 237 | | | | 1 | | 1 |
| Член 239 | 1 | | | | | 1 |
| Член 244-а | 1 | | | 1 | | 2 |
| Член 247 | | 1 | | | | 1 |
| Член 268 | 1 | | | | | 1 |
| Член 277 | | 1 | | | | 1 |
| Член 278 | | | | 3 | | 3 |
| Член 279 | | 1 | | | | 1 |
| Член 285 | 1 | | | | | 1 |
| Член 286 | | | 12 | | | 12 |
| Член 300 | 1 | 1 | | 3 | | 5 |
| Член 358 | 1 | | | | | 1 |
| Член 366 | 1 | | | | | 1 |
| Член 377 | | 1 | | | | 1 |
| Член 378 | | 1 | | 1 | | 2 |
| Член 382 | | | | 1 | | 1 |
| Член 383 | | 2 | | | | 2 |
| Член 396 | 2 | | | 1 | | 3 |

Табела 2

Анализираните податоци посочуваат дека јавните обвинители склучиле **најмногу спогодби** за кривичното дело од член 286 од КЗ - **Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола** и тоа со вкупно 12 осомничени (обвинети). Сите 12 спогодби се склучени од страна на ОЈО Охрид. Основните јавни обвинители склучиле спогодба со 9 лица за кривичното дело Тешка кражба од член 236 од КЗ, со 6 лица за кривично дело од член 215 од КЗ - Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, а со 4 лица е склучена спогодба за кривично дело Кражба од член 235 од КЗ. За останатите кривични дела кои се претставени во табела 2, основните јавни обвинителства склучиле 1 до 3 спогодби.

### » *Вишо јавно обвинителство Гостивар*

Подрачните основни јавни обвинителства од ова подрачје имаат најмал број склучени спогоди со само три лица, и тоа две спогодби склучени во ОЈО Тетово и една во ОЈО Гостивар.




Слика 3

Како што е преставено на слика 3, основните обвинителства во Кичево и Дебар во анализираниот период го немаат применето институтот спогодување.

Во однос на структурата на кривичните дела за кои се склучени трите спогодби на подрачјето на ова вишо јавно обвинителство, со по еден осомничен (обвинет) е склучена спогодба за следниве кривични дела: Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори од член 215 од КЗ, Кражба од член 235 од КЗ и Насилство од член 386 од КЗ.

### » *Вишо јавно обвинителство Скопје*

Основните јавни обвинителства од подрачјето на скопското вишо обвинителство имаат најголем број на склучени спогодби и тоа вкупно со 199 лица. Во оваа бројка не се вклучени податоците за склучени спогодби од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. Истите се дадени во посебен поднаслов, подолу во текстот. Слика 4 подолу го преставува бројот на склучени спогодби по лица во секое основно обвинителство.




Слика 4

Очекувано, како најголемо обвинителство во државата, ОЈО Скопје има најголем број склучени спогодби со вкупно 83 лица, а ОЈО Крива Паланка најмал број склучени спогодби со 3 лица. Структурата на кривичните дела за кои се склучени спогодби по лице е дадена во табелата 3.

| Кривични дела по членови од КЗ | ОЈО Скопје | ОЈО Куманово | ОЈО Велес | ОЈО Гевгелија | ОЈО Кавадарци | ОЈО Крива Паланка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Член 130 | 1 | 1 | | | | | 2 |
| Член 131 | 8 | | 1 | | | | 9 |
| Член 140 | 2 | | | 3 | | | 5 |
| Член 144 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 161 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 215 | 24 | 9 | 4 | | | | 37 |
| Член 216 | 7 | | 2 | | | | 9 |
| Член 223 | | 3 | | | | | 3 |
| Член 228 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 235 | | 2 | 1 | | | | 3 |
| Член 236 | 4 | 3 | | | | | 7 |
| Член 237 | 4 | 2 | | | | | 6 |
| Член 239 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 242 | 1 | | | | | | 1 |
| Член 244-а | | | 7 | | | | 7 |
| Член 247 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 251 | 1 | | | | | | 1 |
| Член 259 | | | | 1 | | | 1 |
| Член 261 | 2 | | | | | | 2 |
| Член 268 | | | 2 | | | | 2 |
| Член 278 | | 2 | 1 | | | 2 | 5 |
| Член 279 | 2 | | | | | | 2 |
| Член 285 | 2 | | 16 | | | | 18 |
| Член 288 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 292 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 297 | | | | 1 | | | 1 |
| Член 300 | 1 | 1 | 1 | | 1 | | 4 |
| Член 353 | 3 | 3 | | | | | 6 |
| Член 353-в | | | 2 | 2 | | | 4 |
| Член 354 | | | 1 | | | | 1 |
| Член 357 | 2 | | | | | | 2 |
| Член 358 | 2 | | | 1 | | | 3 |
| Член 365 | | 2 | | | | | 2 |
| Член 378 | 4 | 4 | | 4 | | | 12 |
| Член 380 | | 1 | | | 2 | | 3 |
| Член 382 | 1 | | | | | 1 | 2 |
| Член 383 | 1 | | | 2 | 2 | | 5 |
| Член 386 | | 3 | | | | | 3 |
| Член 389 | | 1 | | | | | 1 |
| Член 396 | 9 | 2 | 4 | | | | 15 |
| Член 402 | | | | 4 | | | 4 |
| Кривични дела од Закон за девизно работење чл.54 | | 2 | | | | | 2 |
| Кривични дела од Закон за акцизи член 60 | 2 | | | | | | 2 |

Табела 3

Разгледувајќи ја структурата на кривични дела за кои основните обвинителства се спогодувале, најразновиден опус се сретнува кај ОЈО Скопје, ОЈО Куманово и ОЈО Велес. Имено, **најголем број спогодби** склучени со вкупно 37 лица се однесуваат на кривичното дело **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** од член 215 од КЗ. Трите основни обвинителства и поединечно имаат највисок број спогодби склучени за ова дело.

Следно кривично дело за кое овие три обвинителства склучиле спогодби е Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи од член 396 од КЗ, со вкупно склучени спогодби против 15 осомничени (обвинети).

Интересно е дека ОЈО Скопје има склучено осум спогодби за кривичното дело од член 131 – Тешка телесна повреда и освен ОЈО Велес каде има само една спогодба за ова дело, ниту едно друго основно обвинителство од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје не се спогодило за ова дело.

Податоците претставени во табелата погоре, покажуваат дека кривичното дело Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма од член 285 од КЗ е следно со најголема фреквентност при склучувањето на спогодби на ова подрачје со вкупно склучени спогодби со 18 осомничени (обвинети), (со 16 лица во ОЈО Велес и 2 во ОЈО Скопје), како и кривичното дело од член 378 од КЗ – Фалсификување исправа со склучени спогодби со 12 лица.

ОЈО Кавадарци и ОЈО Крива Паланка, имајќи предвид дека имаат до пет склучени спогодби, се спогодувале најчесто за кривичното дело од член 278 од КЗ – Криумчарење, потоа Употреба на исправа со невистинита содржина од член 380 од КЗ и Напад на службено лице при вршење работи на безбедноста од член 383 од КЗ. ОЈО Гевгелија е на средната граница со вкупно 18 лица со кои склучило спогодби за различни кривични дела, од кои најмногу (со по четири лица) за кривичните дела Фалсификување исправа од член 378 и Недозволено преминување на државната граница од член 402 од КЗ.

Покрај кривичните дела предвидени во КЗ, во праксата на ОЈО Скопје и ОЈО Куманово се сретнуваат и спогодувања за кривични дела од други закони, односно од Законот за девизното работење (член 54)[20] и Законот за акцизите (член 60)[21]. Во споредба со

основните обвинителства на подрачјето на другите три виши јавни

[20] Службен весник бр. 34/2001, 49/2001, 103/2001, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011, 188/2013, 97/2015, 153/2015 и 23/2016.

[21] Службен весник бр. 32/2001; 50/2001; 52/2001; 45/2002; 98/2002; 24/2003; 96/2004; 38/2005; 88/2008; 105/2009; 34/2010; 24/2011; 55/2011; 135/2011; 82/2013; 98/2013; 43/2014; 167/2014; 188/2014; 129/2015; 154/2015; 192/2015; 23/2016 и 31/2016.

обвинителства, само ОЈО Скопје и ОЈО Куманово се спогодувале за дела предвидени со *lex specialis*.

- *Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција*

Во периодот од 1 декември 2013 год. до 31 март 2015 год. во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција биле поднесени 256 кривични пријави против 563 лица. Еден дел од предметите против 66 лица се решени без донесување на јавнообвинителска одлука за преземање на кривично гонење (отфрлени кривични пријави, запирање на постапката и предмети доставени на надлежно постапување на други обвинителства), така што во работа останале 227 предмети против 497 лица.

Спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција како процесен институт од овие 227 предмети против 497 лица е применет со вкупно 161 лице со кои ова обвинителство склучило спогодби. Против останатите 336 лица кривичното гонење продолжило со донесување на јавно-обвинителска одлука (Обвинителен акт или Обвинителен предлог) бидејќи од страна на пријавените и нивните бранители не била поднесена иницијатива за отпочнување на постапката за спогодување или пак не е постигната согласност за да се склучи спогодба.

Според претходно изнесените податоци може да се заклучи дека со спогодба се решени постапките против 32,4% од вкупниот број на пријавените лица.

Статистиката во однос на структурата на кривичните дела за кои ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција склучило спогодби по лице е претставена подолу во табелата 4.

| **Кривични дела по членови од КЗ** | **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција** |
|---|---|
| Член 215, став 3 | 11 |
| Член 394 | 38 |
| Член 316, став 4 вв со член 24 и член 151, став 4 вв со член 45 | 1 |
| Член 353 | 1 |
| Член 418-а, став 1 | 1 |
| Член 418-б, став 1 | 1 |
| Член 418-б, став 2 | 56 |
| Член 418-б, став 4 вв со став 2 | 37 |
| Член 418-в, став 1 | 1 |
| Член 418-в, став 2 | 4 |
| Член 418-д, став 3 | 10 |
| | |
| **ВКУПНО** | **161** |

Табела 4

Анализирајќи ги податоците за структурата на кривичните дела за кои ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција склучило спогодби, **најголем број**, односно спогодби со вкупно 94 лица се однесуваат на кривичното дело од член 418-б од КЗ – **Криумчарење мигранти**, и тоа спогодби со 56 лица по ставот 2, 37 спогодби по став 4 вв со став 2 и 1 спогодба по став 1 од овој член. Следното кривично дело е Злосторничко здружување од член 394 од КЗ за кое ова обвинителство склучило спогодби со 38 лица. Овие две кривични дела опфаќаат 81,37% од вкупниот опус на склучени спогодби во текот на првите 16 месеци од примената на новиот ЗКП.

Генерално гледано, бројот на склучените предлог-спогодби во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција е сразмерен со бројот на пријавени лица за определено кривично дело, така што за оние кривични дела за кои има најмногу пријавени лица, има и најголем број на склучени предлог-спогодби.

### » *Вишо јавно обвинителство Штип*

Основните обвинителства од ова подрачје во анализираниот период склучиле спогодби со вкупно 81 лице. Како што е прикажано подолу на слика 5, ОЈО Струмица има најголем број на склучени спогодби со вкупно 41 лице или 50,62% од сите спогодби склучени на ова подрачје.

Обвинителствата во Радовиш, Кочани и Делчево склучиле вкупно 45,70%, а обвинителствата во Штип, Свети Николе и Берово само 3,68% со по една спогодба.




Слика 5

Што се однесува до структурата на кривичните дела за кои најчесто се склучувале спогодби на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, статистиката е прикажана подолу во табелата 5.

| Кривични дела по членови од КЗ | ОЈО Струмица | ОЈО Радовиш | ОЈО Кочани | ОЈО Делчево | ОЈО Штип | ОЈО Свети Николе | ОЈО Берово | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Член 157 | 8 | 13 | | | | | | 21 |
| Член 166 | 1 | | | | | | | 1 |
| Член 215 | 2 | | 2 | 1 | **1** | | | 6 |
| Член 235 | | | | 2 | | | | 2 |
| Член 236 | | | 1 | 2 | | | | 3 |
| Член 239 | 2 | | | 1 | | | | 3 |
| Член 244-а | 5 | | 3 | | | | | 8 |
| Член 251 | | | | 1 | | | | 1 |
| Член 257 | | | 1 | | | | | 1 |
| Член 261 | | | 1 | | | | | 1 |
| Член 274-б | 2 | | 1 | | | | | 3 |
| Член 278 | 2 | | | | | | | 2 |
| Член 278-б | | 2 | | | | | | 2 |
| Член 279 | 2 | | | 1 | | | | 3 |
| Член 285 | 2 | | | | | | | 2 |
| Член 297 | 1 | | | | | | 1 | 2 |
| Член 300 | | | | 1 | | | | 1 |
| Член 345 | 1 | | | | | | | 1 |
| Член 353 | | 1 | | | | | | 1 |
| Член 353-в | | 1 | | | | | | 1 |
| Член 354 | 1 | | | | | | | 1 |
| Член 358 | 1 | | | | | | | 1 |
| Член 378 | 4 | 1 | | | | | | 5 |
| Член 379 | 2 | | | | | | | 2 |
| Член 382 | 1 | | | | | | | 1 |
| Член 386 | 3 | | | | | 1 | | 4 |
| Член 396 | 1 | | 1 | | | | | 2 |

Табела 5

Податоците за видот на кривичните дела за кои се склучувале спогодби во анализираниот период покажуваат дека во ОЈО Струмица опсегот на делата е најразновиден. **Најголем број** на лица - 21 со кои се склучени спогодби биле обвинети (осомничени) за кривичното дело **Повреда на авторско право и сродни права** од член 157 од КЗ.

Следното дело за кое најчесто се склучувале спогодби – со 8 обвинети (осомничени) е Бесправно градење од членот 244-а од КЗ. Од вкупниот број лица со кои се склучени спогодби, 43,21% од спогодбите се однесуваат на различни кривични дела за кои се спогодиле од 1 до 5 лица.

Вкрстувајќи ги податоците од подрачјата на сите виши обвинителства во врска со структурата за кривичните дела за кои обвинителствата најмногу се спогодувале може да се забележи следново:

- Освен кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 од КЗ за кое јавните обвинителства склучиле спогодби на подрачјето на сите четири виши

обвинителства, структурата на кривичните дела е различна на секое подрачје. Најфреквентните кривични дела за кои е склучена спогодба на секое од четирите виши обвинителства е преставена подолу во табелата 6.

| ВЈО БИТОЛА (кривични дела за кои има најмногу спогодби) | ВЈО ГОСТИВАР (кривични дела за кои има најмногу спогодби) | ВЈО СКОПЈЕ (кривични дела за кои има најмногу спогодби) | ВЈО ШТИП (кривични дела за кои има најмногу спогодби) |
|---|---|---|---|
| Член 286 (12 спогодби) | **Член 215 (1 спогодба)** | **Член 215 (37 спогодби)** | Член 157 (21 спогодба) |
| Член 236 (9 спогодби) | Член 235 (1 спогодба) | Член 285 (18 спогодби) | Член 244-а (8 спогодби) |
| **Член 215 (6 спогодби)** | Член 386 (1 спогодба) | Член 396 (15 спогодби) | **Член 215 (6 спогодби)** |
| Член 300 (5 спогодби) | | Член 378 (12 спогодби) | Член 378 (5 спогодба) |

Табела 6

Склучените спогодби за овој вид кривични дела упатуваат на заклучок дека во конкретните предмети јавниот обвинител собрал најмногу правно релевантни докази на товар на осомничениот (обвинетиот) па затоа одбраната – обвинетиот прифатиле спогодба.

### *3.2. Вид и висина на кривичните санкции договорени при процесот на спогодување*

На почетокот на Анализата посочивме дека во периодот од 1 декември 2013 до 31 март 2015 година на територијата на целата држава склучени се спогодби со вкупно 345 лица. Во табелата 7 збирно се претставени кривичните санкции за кои се спогодиле обвинетите (осомничените) на подрачјето на сите четири виши јавни обвинителства.

| ВЈО | Алтернат. мерка | Парична казна | Казна затвор | | | | | | ВКУПНО ЛИЦА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 6 м. | од 6 м. до 1 г. | 1-2 год. | 2-3 год. | 3-5 год. | над 5 г. | |
| **БИТОЛА** | 14 | 22 | 16 | 1 | 4 | 3 | 2 | | **62** |
| **ГОСТИВАР** | 2 | | | | | | 1 | | **3** |
| **СКОПЈЕ** | 132 | 29 | 7 | 2 | 8 | 7 | 7 | 7 | **199** |
| **ШТИП** | 42 | 29 | 3 | 3 | 2 | 2 | | | **81** |
| **ВКУПНО:** | **190** | **80** | **26** | **6** | **14** | **12** | **10** | **7** | **345** |

Табела 7

Статистиката покажува дека **најмногу кривични санкции за кои се склучени спогодби се однесуваат на алтернативните**

**мерки**, односно вкупно 190 обвинети(осомничени) или **55%** се спогодиле за некој вид на алтернативна мерка – најчесто тоа е условната осуда. Паричната казна и казната затвор имаат изедначена застапеност при склучувањето на спогодбите со 23% и 22% од вкупниот број лица. Во однос на казната затвор, 26 обвинети (осомничени) се спогодиле за затвор до 6 месеци, а 6 обвинети (осомничени) во траење помеѓу 6 месеци и 1 година. За казна затвор над 5 години спогодби има само на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје.

Анализирајќи ја казнената политика во процесот на спогодување произлегува дека во најголемиот број на склучени спогодби помеѓу странките во кривичната постапка е постигната спогодба за алтернативна мерка како кривична санкција. Ова оди во прилог и на досегашните истражувања за казнената политика на судовите, според која во 50% од осудителните пресуди е изречена алтернативна мерка.[22]

Во насока на подетална анализа на податоците, подолу во текстот е прикажана статистиката за основните јавни обвинителства од подрачјето на секое вишо обвинителство.

### » *Вишо јавно обвинителство Битола*

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, подрачните основни обвинителства **најмногу се спогодувале за казната затвор** како кривична санкција, а **најмалку за алтернативни мерки**. Гледајќи процентуално (слика 6) на ова подрачје со 42% од спогодените кривични санкции се однесуваат на казната затвор. Паричната казна опфаќа 35%, а алтернативните мерки 23% од сите кривични санкции за кои се спогодиле обвинетите (осомничените).




Слика 6

[22] "Извештај за работењето на јавните обвинителства на Република Македонија во 2014 година" http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Izvestaj-na-JORM.pdf

Табелата 8 подолу, ја покажува статистиката одделно за секое основно обвинителство на ова подрачје.

| ОЈО | Алтернат. мерка | Парична казна | Казна затвор | | | | | | ВКУПНО ЛИЦА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 6 м. | од 6 м. до 1 год. | 1-2 год. | 2-3 год. | 3-5 год. | над 5 год. | |
| **БИТОЛА** | 9 | | | | | 2 | 1 | | 12 |
| **ПРИЛЕП** | 2 | 1 | 16 | 1 | 4 | 1 | | | 25 |
| **ОХРИД** | | 14 | | | | | | | 14 |
| **СТРУГА** | 3 | 7 | | | | | 1 | | 11 |
| **РЕСЕН** | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО:** | **14** | **22** | **16** | **1** | **4** | **3** | **2** | | **62** |

Табела 8

Гледано поединечно по висината на казната затвор, најмногу лица - 16 склучиле спогодби за казна затвор во висина до 6 месеци и сите се склучени со ОЈО Прилеп, додека на подрачјето на ова вишо обвинителство нема ниту една спогодба која се однесува на казна затвор над 5 години. Во однос на видот на кривичната санкција следна по казната затвор е паричната казна со најмногу склучени спогодби (со 14 лица) од страна на ОЈО Охрид и на крај алтернативните мерки кои доминираат во спогодбите склучени од страна на ОЈО Битола (склучени спогодби со вкупно 9 лица).

### » ***Вишо јавно обвинителство Гостивар***

Со оглед дека на подрачјето на гостиварското вишо јавно обвинителство има најмал број на склучени спогодби со само три лица, во однос на видот и висината на кривичната санкција, ОЈО Тетово во двете склучени спогодби се спогодило за алтернативни мерки, а ОЈО Гостивар за едната склучена спогодба се спогодило за затворска казна во висина од 3 до 5 години.

| ОЈО | Алтернат. мерка | Парична казна | Казна затвор | | | | | | ВКУПНО ЛИЦА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 6 м. | од 6 м. до 1 год. | 1-2 год. | 2-3 год. | 3-5 год. | над 5 год. | |
| **ТЕТОВО** | 2 | | | | | | | | **2** |
| **ГОСТИВАР** | | | | | | | 1 | | **1** |
| **КИЧЕВО** | | | | | | | | | |
| **ДЕБАР** | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО:** | **2** | | | | | | **1** | | **3** |

Табела 9

## » ***Вишо јавно обвинителство Скопје***

Обвинителствата на подрачјето на скопското вишо јавно обвинителство во однос на видот на кривичната санкција **најмногу се спогодувале за алтернативни мерки** со вкупно 132 обвинети (осомничени) или **66%**. **Најмалку** спогодби се склучени **за парична казна со 15%** од вкупниот број лица. Табелата 10 и сликата 7 подолу ги претставуваат бројките и процентите за видот и висината на кривичните санкции склучени во основните јавни обвинителства на ова подрачје.

| ОЈО | Алтерн. мерка | Парична казна | Казна затвор | | | | | | ВКУПНО ЛИЦА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 6 м. | од 6 м. до 1 год. | 1-2 год. | 2-3 год. | 3-5 год. | над 5 год. | |
| **СКОПЈЕ** | 57 | 6 | | 1 | 6 | 4 | 7 | 2 | **83** |
| **КУМАНОВО** | 39 | 3 | | 1 | | 3 | | 2 | **48** |
| **ВЕЛЕС** | 28 | 10 | | | 1 | | | 3 | **42** |
| **КАВАДАРЦИ** | 3 | 1 | | | 1 | | | | **5** |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 3 | 8 | 7 | | | | | | **18** |
| **КРИВА ПАЛАНКА** | 2 | 1 | | | | | | | **3** |
| **ВКУПНО:** | **132** | **29** | **7** | **2** | **8** | **7** | **7** | **7** | **199** |

Табела 10




Слика 7

Анализирајќи ги податоците, се забележува дека ОЈО Скопје има склучено најмногу спогодби со алтернативни мерки како санкција и тоа со 57 обвинети (осомничени) лица, додека најмалку има ОЈО Крива Паланка спогодувајќи се со само 2 лица за оваа кривична санкција. Обвинителствата во Скопје, Куманово и Велес заедно сочинуваат 93,95% од вкупниот број на лица со кои е склучена спогодба со алтернативна мерка како кривична санкција на целото подрачје на скопското вишо обвинителство.

Казната затвор како кривична санкција се јавува во 19% од сите склучени спогодби на ова подрачје. Најзастапена е во спогодбите склучени од страна на ОЈО Скопје и тоа најмногу во висина од 3-5 години затворска казна (склучени спогодби со 7 лица) и во висина од 1-2 години (склучени спогодби со 6 лица).

Обвинителството во Крива Паланка во периодот опфатен со анализата нема склучено спогодба со која е предвидена затворската казна како кривична санкција. Обвинителствата во Скопје, Куманово и Велес, со исклучок на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, се единствени на територијата на целата држава кои имаат склучено спогодби со кои е предвидена казна затвор над 5 години.

Паричната казна како кривична санкција е застапена во 15% од сите склучени спогодби на подрачјето на скопското вишо јавно обвинителство. Обвинителството во Велес има склучено спогодби со најголем број на обвинети(осомничени) лица – вкупно 10, во кои како кривична санкција е предвидена паричната казна. Потоа следи ОЈО Гевгелија со 8 и ОЈО Скопје со 6 спогодби со ваква санкција.

Најмалку спогодби (со по 1 лице) кои ја имаат паричната казна како кривична санкција склучиле обвинителствата во Кавадарци и Крива Паланка.

- *Вид и висина на кривичните санкции застапени во спогодбите на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција*

Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција од вкупно 161 лице со кои склучило спогодба во **96,20% се спогодило за ефективна казна затвор**. Условната осуда е единствената друга санкција покрај казната затвор за која ова обвинителство се спогодило и тоа со вкупно 6 обвинети(осомничени) од вкупниот број на лица (види табела 11 подолу).

| Вид на кривична санкција за која ОЈО ОКК се спогодило | Висина на кривичната санкција за која ОЈО ОКК се спогодило | Број на обвинети кои се спогодиле | Вкупно обвинети по вид на кривична санкција |
|---|---|---|---|
| **УСЛОВНА ОСУДА** | условна осуда 1 година и 4 месеци за 2 години | 2 | **6** |
| | условна осуда 1 година и 6 месеци за 3 години | 1 | |
| | условна осуда 2 години за 5 години | 2 | |
| | условна осуда 3 години за 5 години | 1 | |
| **КАЗНА ЗАТВОР** | казна затвор во времетраење од 6 месеци | 6 | **155** |
| | казна затвор во времетраење од 7 месеци | 2 | |
| | казна затвор во времетраење од 8 месеци | 3 | |
| | казна затвор во времетраење од 10 месеци | 23 | |
| | казна затвор во времетраење од 1 година | 19 | |
| | казна затвор во времетраење од 1 година и 2 месеци | 2 | |
| | казна затвор во времетраење од 1 година и 4 месеци | 1 | |
| | казна затвор во времетраење од 1 година и 6 месеци | 8 | |
| | казна затвор во времетраење од 1 година и 7 месеци | 3 | |
| | казна затвор во времетраење од 1 година и 10 месеци | 1 | |
| | казна затвор во времетраење од 2 години | 5 | |
| | казна затвор во времетраење од 2 години и 2 месеци | 1 | |
| | казна затвор во времетраење од 2 години и 3 месеци | 3 | |
| | казна затвор во времетраење од 2 години и 5 месеци | 2 | |
| | казна затвор во времетраење од 2 години и 6 месеци | 6 | |
| | казна затвор во времетраење од 2 години и 7 месеци | 1 | |
| | казна затвор во времетраење од 3 години | 6 | |
| | казна затвор во времетраење од 3 години и 6 месеци | 5 | |
| | казна затвор во времетраење од 4 години | 15 | |
| | казна затвор во времетраење од 4 години и 2 месеци | 2 | |
| | казна затвор во времетраење од 4 години и 3 месеци | 4 | |
| | казна затвор во времетраење од 4 години и 5 месеци | 1 | |
| | казна затвор во времетраење од 4 години и 6 месеци | 18 | |
| | казна затвор во времетраење од 5 години | 13 | |
| | казна затвор во времетраење од 5 години и 6 месеци | 2 | |
| | казна затвор во времетраење од 6 години | 3 | |
| **ВКУПНО** | | **161** | **161** |

Табела 11

Сликата 8 го прикажува процентуалниот соодност на затворските казни за кои ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција се спогодило во анализираниот период.




Слика 8

Анализата на податоците од ова обвинителство покажува дека најмногу спогодби или 38% се однесуваат на казната затвор во времетраење од 3 до 5 години. Следната казна затвор застапена со 30% од спогодбите со вкупниот број обвинети(осомничени) е од 6 месеци до 1 година. Најмалку спогодби се склучени за казната затвор над 5 години (само 3% од вкупниот број на обвинети(осомничени) лица).

Ваквата казнена политика, во најголем дел, се должи на видот на кривичните дела, односно на фактот дека ова обвинителство постапува за посериозни кривични дела за кои се предвидени построги санкции.

### » *Вишо јавно обвинителство Штип*

Обвинителствата на ова вишо јавнообвинителско подрачје **најмногу се спогодувале за алтернативни мерки** односно со **42 обвинети (осомничени) лица**, додека **најмалку спогодби** склучиле за **казната затвор од 2-3 години (со 2 лица)**. За затворските казни од 3 до 5 години и над 5 години обвинителствата од штипското вишо јавно обвинителство не склучиле ниту една спогодба.

Табелата 12 подолу дава подетален преглед на кривичните санкции за кои се спогодиле секое од обвинителствата на ова подрачје.

| ОЈО | Алтерн. мерка | Парична казна | Казна затвор | | | | | | ВКУПНО ЛИЦА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 6 мес. | од 6 м. до 1 г. | 1-2 год. | 2-3 год. | 3-5 год. | над 5 год. | |
| **СТРУМИЦА** | 20 | 15 | 2 | 1 | 2 | 1 | | | **41** |
| **ШТИП** | | | | | | 1 | | | **1** |
| **КОЧАНИ** | 8 | | 1 | 1 | | | | | **10** |
| **РАДОВИШ** | 7 | 11 | | | | | | | **18** |
| **ДЕЛЧЕВО** | 5 | 3 | | 1 | | | | | **9** |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 1 | | | | | | | | **1** |
| **БЕРОВО** | 1 | | | | | | | | **1** |
| **ВКУПНО:** | **42** | **29** | **3** | **3** | **2** | **2** | | | **81** |

Табела 12

Изразени во проценти (види слика 9 подолу) податоците покажуваат дека на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, обвинителите најчесто се спогодувале за алтернативните мерки со вкупно 52% од сите спогодби, потоа за паричната казна со 36% проценти и најмалку со затворската казна која е застапена кај 12% од вкупниот број на обвинети (осомничени) со кои е постигната спогодба.




Слика 9

Начелно гледано, според статистичките податоци разгледувани во периодот од 1 декември 2013 до 31 март 2015 година, основните јавни обвинителства покажале сериозен пристап во имплементацијата на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција како новововеден процесно-правен институт.

### *3.3 Заклучни согледувања и препораки*

» Основните обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар би требало да покажат поголема активност во примената на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција;

» Според обемот на предметното работење поголема активност околу имплементацијата на спогодувањето би требало да преземат и основните обвинителства со проширена надлежност;

» Основните јавни обвинителства со основна надлежност кои постапуваат за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 5 години треба да покажат поголема обврска во примената на овој институт во фазата на предистражната постапка. Во оваа фаза од постапката јавните обвинители би требало да обезбедат правно релевантни докази. На ваков начин осомничените, соочувајќи се со презентираните докази би можеле самите да иницираат постапка за спогодување со јавниот обвинител.

» Од увидот во доставените писмени предлог–спогодби, во практиката се забележува користење на различна форма при изготвувањето на предлог-спогодбите. По однос на содржината, предлог-спогодбите би требало да се изготвуваат согласно законската одредба од член 485 од ЗКП каде е пропишана содржината на елементите на предлог-спогодбата. Во Анекс 1 претставен е урнек на Предлог-спогодба.

» Јавниот обвинител ја доставува предлог-спогодбата (изготвена со содржина од член 485 од ЗКП) потпишана од него и од осомничениот и неговиот бранител. Кон предлог-спогодбата не се доставува образложение.

» Јавниот обвинител има обврска заедно со доказите кон предлог-спогодбата да достави и листа на докази.

» Кон предлог-спогодбата јавниот обвинител е должен заедно со сите докази да приложи и писмена изјава потпишана од оштетениот во однос на видот и висината на имотно-правното побарување само ако истото било предмет на спогодување согласно членот 484 од ЗКП. Доколку имотно-правното побарување не е предмет на предлог-спогодбата ваква изјава од оштетениот не е потребно да се доставува.

## *4. Споредбени согледувања за примената на спогодувањето во други земји*

Институтот „спогодба за признавање на вината" според оригинерниот концепт усвоен во казнено правниот систем на **Соединетите Американски Држави** претставува „комбинирана материјално-процесна предсудска алтернативна мерка што се состои во „спогодување" меѓу обвинителот и обвинетиот: обвинителот му предлага на обвинетиот да ја признае вината и да се согласи на определена казна и ако тој го прифати предлогот, се склучува спогодба, што ја исклучува потребата од главен претрес и од натамошната постапка по правни лекови. Спогодбата ја потврдува судот, кој изрекува казна без одржување на главен претрес".[23]

Спогодбата за признавање на вината (Plea bargaining) се дефинира[24] како постапка во која обвинетиот и обвинителот доаѓаат до заеднички прифатливо решение за казнениот предмет, што понатаму го одобрува судот. Постојат одлуки на Врховниот суд на САД[25], со кои изјавата со која се признава вината се смета за ништовна доколку обвинетиот не е запознат со обвинителниот акт, или пак, доколку се товари за дело што не претставува казнено дело.

Овој процесен институт ја најде својата примена и во процесните модели во европското континентално право. Така, **италијанската кривична постапка** предвидува процесен институт изрекување на казна на предлог на странките[26].Врз основа на согласноста на странките за правната квалификација на делото и видот и висината на казната се донесува осудителна пресуда пред одржување на главната расправа, со тоа што за битната содржина на осудителната пресуда мора да се согласи судот. Во таа смисла судот е овластен да го отфрли или прифати предлогот, но може да изрече поинаква казна од предложената во случај на прифаќање на предлогот. Предлогот на странките може да биде доставен на судот во текот на истрагата, на прелиминарното рочиште или на самата главна расправа. Во секој од наведените случаи пресудата се донесува без одржување на главна расправа, односно доказна постапка. Меѓутоа, овој процесен институт е повеќепати ограничен, бидејќи е условен со полесни кривични дела и фази на кривични постапки во кои странките можат да поднесат предлог за изрекување на казна (предлог не може да се поднесе после отпочнувањето на главната расправа во првостепената постапка).

[23] оп. цит. Камбовски, 2, 2005, стр. 28

[24] Дефиниција според: West's encyclopedia of American Law

[25] пресудите: Хендерсон против Морган, 436 U.S. 637 (1976), и Боусли против САД, 523 U.S. 614 (1998)

[26] т.н. patteggiamento

Најзначајното кај овој институт во Република Италија е дека при одмерувањето на казната, согласно законските одредби, се предвидува задолжително намалување на изречената казна за една третина[27] и тоа без никакво ограничување на видот на казнените дела според висината на предвидената казна. Овој институт може да се користи за сите казнени дела без ограничување, со тоа што за казнените дела за кои е предвидена смртна казна утврдено е нејзиното намалување на триесет години затвор, а смртна казна со осамување или пак изрекување на смртна казна за продолжени казнени дела или за казнени дела сторени во стек, се предвидува нејзина замена со доживотен затвор[28].

Во **Република Србија** во спогодбата за признавање на вина јавниот обвинител и обвинетиот можат да се согласат за изрекување на казна која по правило не може да биде под законскиот минимум на казната за кривичното дело кое на обвинетиот му се става на товар. По исклучок, кога е тоа очигледно оправдано поради значењето на признанието на обвинетиот за разјаснување на кривичното дело за кое се товари, а чие докажување без таквото признание би било невозможно или значително отежнато, односно заради спречување, откривање или докажување на други кривични дела, како и поради постоење на особени олеснителни околности[29], јавниот обвинител и обвинетиот можат да се согласат на обвинетиот да му се изрече и поблага казна согласно одредбите за ублажување на казната[30].

Обвинетиот може во спогодбата за признавање на вина да прифати обврска во одреден рок да ја врати имотната корист стекната со извршувањето на кривичното дело, односно да го врати предметот на кривичното дело.

**Англиската постапка** не познава признавање на вината туку непризнавање на штетните последици (*nolo contendere* признание).[31] Со други зборови, било какви дополнителни забелешки што може да ги изнесе обвинетиот во однос на неговото признание на вината автоматски доведуваат до негирање на признанието на вината, а врз основа на тоа судијата закажува главен претрес.[32] Значи во англискиот систем на казнена правда обвинетиот може да се изјасни само како виновен или невин во однос на казнените дела со кои што тој се товари во обвинителниот акт.

[27] Perrodet, стр. 369; Maffei, стр. 1059; Cirese, Bericci, стр. 224 и Ма, стр. 41

[28] чл. 442 ст.2 од ЗКП на Италија

[29] чл.54 ст.2 од Кривичниот законик на Република Србија

[30] чл.57 од Кривичниот законик на Република Србија

[31] Интересно е признанието на вината на обвинетиот дадено писмено преку пошта. Овој тип на признание е можно само во случаите кои што се водат пред магистратските судови, така што пресудата може да се донесе и во отсуство на обвинетиот (Sprack, стр. 171-173).

[32] оп. цит. Sprack, стр. 285

Во однос на постапката пак, за спогодување за вината на обвинетиот (Plea Bargaining), согласно одредбите од Законот за казнена правда, како и согласно прецедентот утврден со случајот Turner (1970) 2 QB 321, се поставува должноста на судијата да не се вмешува во постапката за спогодување за вината. Така, дури и доколку двете страни во постапката дојдат пред судијата со цел да се информираат за ставот на судијата, судијата не смее да индицира било какво решение во однос на висината на казната. Ваквата стриктна забрана за судијата е воведена со измените на Законот за казнена правда од 1999 и 2005 година. Во периодот пред донесувањето на овие измени, постоела можноста странките да одат во судските кабинети и од судиите да бараат утврдување на просечна-предлог санкција врз основа на предложените докази.[33]

Понатаму, во англискиот систем на казнена правда може да постои спогодување само по две основи (и обата вида се модели на charge bargaining), и тоа:

- спогодување за признавање на вината на полесното дело (односно вршење на преквалификација на делото од квалификувано дело во основно дело или пак од основно дело во полесно); и
- признавање на вината на едно казнено дело, а како резултат на тоа обвинителот да се откаже од гонење за другите дела.

Во вториот случај обвинителот само се откажува од доставување на докази во однос на останатите точки од обвинителниот акт, така што тие формално стојат (to lie on the file) во обвинителниот акт, но по нив не се постапува.[34] Оваа практика мошне наликува на американскиот модел на спогодување околу фактите (fact bargaining), каде што обвинителот поради постигнатата спогодба за признавање на вината на обвинетиот доброволно пред судот не изнесува некои докази што се на штета на обвинетиот.[35]

Во **Германија** постапката на спогодување за висината на казната претставува директното влијание на акузаторната постапка во германскиот систем на казнена правда. Неформалното спогодување за вината на обвинетиот во германскиот систем на казнена правда претставува признание на вината на обвинетиот и нецелосно изведување на доказите во текот на главниот претрес, како резултат на спогодувањето помеѓу обвинителот, бранителот, обвинетиот и судечкиот судија.

[33] види Крапац, 2, стр. 142

[34] оп. цит. Крапац, стр. 143

[35] за ова види и Крстуловиќ, стр. 72

Постапката се врши во текот на главниот претрес, а иницирањето на постапката најчесто се врши од страна на обвинителот, а согласно пресудата на Сојузниот уставен суд[36], обвинителот и обвинетиот се должни да ги применуваат следните препораки:

- не може да пости спогодување во однос на видот на казненото дело;
- признанието на вината мора да биде потврдено од страна на судот во однос на вистинитоста и валидноста;
- сите странки мора да бидат активно вклучени во постапката за спогодување;
- резултатот од спогодувањето помеѓу странките мора да биде јавно истакнат пред судот и нотиран во записник;
- судот може само да ја определи највисоката санкција, но судот може овој предлог и да не го почитува, доколку постојат оправдани услови за тоа и притоа за таквата негова одлука е должен да ги извести странките во постапката;
- санкцијата секогаш мора да соодветствува на вината на обвинетиот, така што особено лесните санкции не се дозволени; и
- обвинетиот не смее да биде присилен да ја прифати спогодбата за признавање на вината како резултат на ветување за прениска санкција или да му биде ветена полесна казна како резултат на откажувањето од неговото право на жалба.[37]

Германската практика се состои во отворено преговарање за видот и висината на санкцијата, доколку обвинетиот ја признае вината за стореното казнено дело во текот на главниот претрес[38], при што спогодувањето се внесува во записник. Учесници во постапката за спогодување се обвинетиот, неговиот бранител, обвинителот и судијата. Во германскиот модел учеството на судијата во постапката за спогодување за видот и висината на санкцијата се гледа како на гарант за правилното одмерување на санкцијата, адекватно вреднување на признанието на обвинетиот, а со тоа и почитување на начелото и должноста на судот да ја утврди материјалната вистина. Во однос на времето за спогодување во Германија тоа настанува само во текот на главниот претрес и тоа најчесто пред почетокот на доказната постапка.[39] Правото на жалба во основа е неограничено.

[36] BGH, Neue Juristische Wocheverfassungsgericht (1987) 2662
[37] види: Bohlander, 501
[38] Herrmann, стр. 491
[39] Dubber, стр. 490

Во **Франција** спогодувањето за казната[40] е сличен институт со условното откажување од гонење на обвинителот. Разликата е што во овие случаи е вклучен и судот при оценувањето и потврдувањето на мерките кои на обвинетиот може да му бидат изречени од страна на обвинителот. Овој институт најчесто се користи за посериозните кривични дела[41], но може да се користи и за полесните кривични дела[42].[43] За користењето на овој институт е потребно кумулативно исполнување на два услови. Првиот услов е да постои признавање на вината на обвинетиот. Вториот услов е да е сторено дело за кое може да се изрече казна затвор до пет години или парична казна најмногу до 3750 евра за посериозните и 750 евра за полесните кривични дела. Покрај овие услови потребна е и согласноста на сторителот за доброволно исполнување на наметнатите обврски. Карактеристично за овој систем е дека може да постои спогодување за видот на обврските што може да му ги наметне обвинителот на сторителот на казненото дело.

[40] composition penale

[41] Delites

[42] contraventions

[43] чл. 41-2 и 41-3 од ЗКП на Франција

Прилог 1

## Пример за предлог-спогодба

**Република Македонија**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**КО.бр.[redacted]**
**[redacted] година**
**СТРУМИЦА**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА**
**- Судија на претходна постапка -**
**СТРУМИЦА**

Врз основа на чл. 39 ст.2 алинеја 8 во врска со чл.483 ст.1 од ЗКП,

Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица- [redacted] и осомничениот [redacted] од татко [redacted] и мајка [redacted] роден [redacted] година во Струмица а живее во [redacted] куќ бр.[redacted] со ЕМБГ [redacted] писмен со завршено средно образование, вработен во [redacted] оженет татко на две деца, Македонец, државјанин на РМ, досега неосудуван, во присуство на неговиот бранител [redacted] адвокат од Струмица, денес [redacted] година, во просториите на Основното јавно обвинителство Струмица, склучија:

**ПРЕДЛОГ - СПОГОДБА**

Страните на оваа предлог спогодба се согласни дека:

I.

Осомничениот [redacted] во текот на 2011 и 2012 година работејќи како [redacted] Струмица, противправно присвоил туѓи подвижни предмети - пари

што му биле доверени во врска со работата на начин што, наплатените парични средства од пациентите на име партиципација за користени здравствени услуги за кои не им издавал квитанции а во амблантниот дневник ги евидентирал под сериски броеви на квитанции со кои биле задолжувани други здравствени работници, не ги раздолжувал во благајната на оштетената [redacted] туку ги присвојувал за себе, со што во 2011 година противправно за себе присвоил 41.570,оо денари и во 2012 година противправно присвоил за себе 57.800,оо денари или вкупно присвоил 99.370,оо денари, со што осомничениот [redacted] сторил продолжено кривично дело **ЗАТАЈУВАЊЕ** од чл.239 ст.3 во врска со ст.1 и чл.45 од КЗ.

II

Странките на оваа предлог-спогодба се согласни, на осомничениот [redacted] за продолжено кривично дело **"Затајување"** од чл.239 ст.3 во врска со ст.1 и чл.45 од КЗ, да му биде изречена **Алтернативна мерка - Условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 1 (една) година која нема да се изврши доколку осомничениот во рок од 2 (две) година не стори ново кривично дело.**

III

Странките се согласни да осомничениот [redacted] на име имотно правно побарување на оштетената [redacted] и го плати износот од 99.370,оо денари, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на пресудата врз основа на Предлог-спогодбата.

IV

Осомничениот во присуство на неговиот бранител [redacted] адвокат од Струмица изјави дека свесно и доброволно ја прифаќа оваа предлог спогодба и последиците кои прозилегуваат од неа.

V

Јавниот обвинител во ОЈО Струмица [redacted] и осомничениот [redacted] изјавуваат дека се откажуваат од правото на жалба доколу се донесе пресуда со која се прифаќа Предлог-спогодбата.

2

VI

Страните на оваа Предлог-спогодба се согласии осомничениот [redacted]а ги надомести направените трошоци на кривичната постапка до донесување на пресудата врз основа на Предлог-спогодбата во износ од 9.000,оо (девет илјади) денари на име вештачка награда за извршено вештачење од вешто лице [redacted] со број на лиценца [redacted]

[redacted] година
Струмица

Јавен обвинител во ОЈО

[redacted]

Осомничен,

Бранител

[redacted]

## Прилог 2

## Пример за Пресуда донесена врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот

[redacted]

К-ПП.бр. [redacted]

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СТРУМИЦА** како првостепен кривичен суд, преку судијата на претходна постапка [redacted] со записничар [redacted] постапувајќи по предлог-спогодбата на ЈО [redacted] на ОЈО Струмица и обвинетиот [redacted] од с. [redacted] со бранител [redacted] адвокат од Струмица, составена во ОЈО Струмица, Ко.бр. [redacted] од 31.07.2014 година, по одржаното рочиште за оцена на предлог-спогодбата во присуство на Јавниот обвинител [redacted] на ОЈО Струмица и обвинетиот [redacted] со бранител [redacted] адвокат од Струмица, на ден 03.09.2014 година, согласно чл. 397 ст. 2 в.в. со чл. 490 ст. 3 од ЗКП, ја донесе и јавно објави во присуство на Јавниот обвинител [redacted] обвинетиот [redacted] и бранителот [redacted] адвокат од Струмица, следната:

**П Р Е С У Д А**
**Врз основа на предлог-спогодба**

**ОБВИНЕТИОТ:**

[redacted] од татко [redacted] и мајка [redacted] роден [redacted] година во Струмица, со место на живеење во с. [redacted] к.бр. [redacted] оженет, татко на две деца, на едно малолетно и на едно полнолетно дете, по занимање [redacted] Македонец, државјанин на Р.Македонија, со ЕМБГ [redacted] со просечени лична примања од 16.000,оо денари, досега неосудуван.

**В И Н О В Е Н  Е**

**ЗАТОА ШТО:**

Обвинетиот [redacted], во текот на 2011 и 2012 година работејќи како [redacted] противправно присвоил туѓи подвижни предмети - пари што му биле доверени во врска со работата на начин што, наплатените парични средства од пациентите на име партиципација за користени здравствени услуги за кои не им издавал квитанции а во амбулантниот дневник ги евидентирал под сериски броеви на квитанции со кои биле задолжени други здравствени работници, не ги раздолжувал во благајната на оштетената [redacted] туку ги присвојувал за себе, со што во 2011 година противправно за себе присвоил 41.570,оо денари и во 2012 година противправно присвоил за себе 57.800,оо денари или вкупно присвоил 99.370,оо денари.

Со кои дејствија обвинетиот [redacted] сторил кривично дело

„Затајување“ по чл. 239 ст. 3 в.в. со ст. 1 и чл. 45 од КЗ, па согласно цитираниот член како и членовите 404 од ЗКП а в.в. со чл. 48-а и чл. 49 од КЗ, му се:

**ИЗРЕКУВА**

**Алтернативна мерка - Условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 1-една година која нема да биде извршена доколку обвинетиот во рок од две години не стори ново кривично дело.**

Согласно чл. 404 ст. 1 т. 7 ЗКП се задолжува обвинетиот да на оштетената [redacted] плати износ од 99.370,оо денари на име штета како и да плати трошоци за извршено вештачење во износ од 9.000,оо денари на вештото лице [redacted] на жиро сметка [redacted] во Тутунска Банка АД Скопје во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Согласно чл. 102 ст. 2 т. 6 од ЗКП се задолжува обвинетиот да плати на буџетските средства на судот паушал во износ од 2.000,оо денари во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 04.08.2014 година Јавниот обвинител [redacted] на ОЈО Струмица и обвинетиот [redacted] со бранителот [redacted] адвокат од Струмица, до Судијата на претходната постапка поднесоа предлог-спогодба за донесување пресуда врз основа на предлог-спогодба.

Кон предлог-спогодбата, Јавниот обвинител на Судот му ги достави следните докази: изјава од [redacted] под бр. [redacted] од 08.07.2014, наод и мислење од вешто лице дипл. економист [redacted] од 15.05.2014 година и извод од Казнена евиденција.

Судот изврши увид во предлог-спогодбата и утврди дека истата ги содржи елементите предвидени во чл.485 од ЗКП.

Со предлог-спогодбата се предлага судијата на претходна постапка да го огласи за виновен обвинетиот [redacted] од с. [redacted] за кривично дело „Затајување“ по чл. 239 ст. 3 в.в. со ст. 1 и чл. 45 од КЗ, опишано во изреката од оваа пресуда и да му изрече алтернативна мерка - условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 1-една година која нема да биде извршена доколку обвинетиот во рок од две години не стори ново кривично дело, како и да го задолжи да ја надомести штетата на оштетената [redacted] во износ од 99.370,оо денари и да плати на име трошоци за извршено вештачење на вешто лице [redacted] во износ од 9.000,оо денари.

Судијата на претходна постапка утврди дека Предлог-спогодбата, содржи изјава на обвинетиот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог-спогодбата и последиците што произлегуваат од неа, заедничка изјава на ЈО на ОЈО и обвинетиот дека се откажуваат од правото на жалба доколку судот ја прифати предлог-спогодбата и донесе пресуда врз основа на истата.

Предлог-спогодбата е составена во ОЈО Струмица, на ден

31.07.2014 година, во присуство на JO [redacted] на ОЈО Струмица, обвинетиот [redacted] и неговиот бранител [redacted] адвокат од Струмица и дека истите своерачно ја имаат потпишано.

На одржаното рочиште за оцена на предлог-спогодбата, на кое подносителите на предлог-спогодбата и бранителот на обвинетиот, претходно поучени во смисла на чл.488 од ЗКП се произнесоа во врска со истата, судот утврди дека предлог-спогодбата е доброволно поднесена, дека обвинетиот е свесен за правните последици од нејзиното прифаќање.

Имено, обвинетиот се произнесе дека на донесената пресуда врз основа на предлог-спогодба нема право на жалба.

Откако судот пристапи кон увид и во доставените докази од страна на Јавниот обвинител, утврди дека е оправдано изрекувањето на предложената алтернативна мерка, правилно е пресметана штетата и трошковите околу вештачењето па одлучи да ја прифати предлог спогодбата и донесе пресуда како во диспозитивот.

Согласно чл.102 ст. 2 т. 6 од ЗКП, обвинетиот беше задолжен и со паушал во износ од 2.000,оо денари во корист на буџетските средства на судот.

**Од Основен суд Струмица, К-ПП. бр.[redacted] од [redacted] година.**

**Записничар,** [redacted] р.

**Судија на претходна постапка,** [redacted]

**ПОУКА:** Против пресудата не е дозволена жалба.

**ДН:** -На ОЈО Струмица
-На обвинетиот
-На бранителот на обвинетиот

ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА
ОСНОВЕН СУД - СТРУМИЦА
03.09.2014 год.
Управител на судска писарница

ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА
ОСНОВЕН СУД - СТРУМИЦА
03.09.2014 год.
Управител на судска писарница